MK

УПАТСТВА ЗА РАБОТА
МАШИНА ЗА САДОВИ

gorenje
BY
oraito

www.gorenje.com

Содржина

Преден панел 2
Безбедносни упатства 3
Пред да миете садови за првпат 4
Полнење на машината за садови 5
Употреба на машината за садови 7
нагодувања 11
Грижа и чистење 13
Барање грешка 15
Монтажа 19
Сервисирање 22
Информации за институтот што врши тестирање 22
Технички информации 24

Преден панел



1 Главен прекинувач
2 Автоматско миење
3 Миење на многу нечисти садови
4 Економично миење
5 Кратко миење
6 Плакнење
7 Брзо миење
8 Автоматско отворање на вратата
9 Екстра хигиена
10 Одложен старт
11 Дисплеј
12 Индикатор за средство за плакнење
13 Индикатор за сол
14 Програма за самочистење

Општо

- Прочитајте ги упатствата за работа и чувајте ги на безбедно место!
- Никогаш не ја употребувајте машината за каква било друга намена освен таа наведена во овие упатства за работа.
- Не ја полнете вратата на машината за садови или корпите со нешто друго освен садови.
- Никогаш не ја оставајте вратата на машината за садови отворена бидејќи некој може да се спрепне од неа.
- Употребувајте само детергент за машина за садови!
- Оваа машина може да ја употребуваат деца на возраст од 8 години и постари, како и лица со намален физички капацитет, ментална способност, загуба на меморија или без искуство и познавање. Таквите лица мора да бидат надгледувани кога ја употребуваат машината или да имаат упатства како да ја употребуваат, но и да ги разбираат ризиците што може да произлезат. Машината не смее да ја чистат деца без надзор.
- Треба да внимавате на децата да не играат околу машината за садови.
- Оштетените кабли за напојување мора веднаш да бидат заменети од страна на квалификуван електричар.
- Употребувајте ја машината за садови само во домашни услови за миење на садови за домаќинство. Забранета е секаква друга употреба.
- Никогаш не ставајте во машината садови со остатоци од раствори поради ризик од експлозија. Садовите не смеат да содржат ниту пепел, восок или лубриканти.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Ножевите и другите остри предмети мора да се постават хоризонтално во специјалната корпа за прибор за јадење на машината за садови.

Монтажа

Види дел Монтажа.

Безбедност на деца

- Секогаш стартувајте ја машината за садови веднаш по додавањето на детергент.
- Држете ги децата понастрана од машината за садови кога е отворена вратата. Во неа може сè уште да има остатоци од детергент!
- Не дозволувајте деца да ја употребуваат или да си играат околу машината за садови. Бидете особено внимателни кога вратата е отворена.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Децата мора да бидат под надзор - детергентот за машината за садови е корозивен!

Складирање/транспорт во зима

- Складирајте ја машината за садови онаму каде што температурата е над нулата.
- Избегнувајте транспортирање на големи растојанија при многу ладно време.
- Транспортирајте ја машината за садови во исправена позиција или на нејзината задна страна.

Функција за заштита од претекување

Заштитата од претекување ја испумпува водата од машината и го исклучува доводот на вода доколку нивото на вода во машината го надминува нормалното ниво. Доколку е активирана заштитата, исклучете го доводот на вода и повикајте го одделот за сервисирање.

Материјал за пакување

Пакувањето го штити производот за време на транспортирањето. Материјалите од пакувањето може да се рециклираат. Раздвојте ги различните материјали од пакувањето за да помогнете да се намали употребата на суров материјал и да се намали отпадот. Вашиот дилер може да го земе пакувањето за рециклирање или да ве упати до најблискиот центар за рециклирање. Пакувањето е составено од:

- Картон со набори направен од 100% рециклирачки материјал.
- Морска пена (EPS) без хлор и флуор.
- Поддршки направени од нетретирано дрво.
- Заштитна пластика направена од полиетилен (PE).

Фрлање во отпад

- Кога машината за садови го достигнала крајот на својот работен век и треба да се фрли во отпад, веднаш треба да се направи да биде нефункционална. Извадете го кабелот за напојување и исечете го на што е можно помала должина.
- Машината за садови е произведена и означена за рециклирање.
- Стапете во контакт со локалните власти за да добиете информации каде и како може машината за садови да се однесе на рециклирање.

Омекнувач на вода

За да добиете добри резултати од миењето садови, на машината за садови ѝ е потребна мека вода (со ниско ниво на минерали). Тврдата вода остава бели слоеви на садовите и во машината за садови.

Тврдоста на водата е наведена со употреба на следните скали: Германската скала за тврдост на вода (°dH) и француската скала за тврдост на вода (°fH). Вода со тврдост над 6°dH (9°fH) мора да биде омекната. Ова се прави автоматски со помошното средство на вградениот омекнувач на вода. За омекнувачот на вода да функционира оптимално мора да биде приспособена тврдоста на водата.

Стапете во контакт со локалните служби за водоснабдување за да ја проверите тврдоста на водата во вашиот регион.

Приспособување на омекнувачот на вода

Поглавје нагодувања на страница 11 опишува како да се приспособи омекнувачот на вода.

Исполнете со сол

Пред да почнете да ја употребувате машината за садови со омекнувач на вода мора да ја исполните преградата за сол со сол за да може автоматски доводот на вода да биде омекнет. Употребувајте крупна сол или специјална сол за машина за садови.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

За да одбегнете дамки од 'рѓа мора да ја вклучите програмата за миење садови веднаш откако ќе ја додадете солта.

Никогаш не ставајте детергент за машина за садови во преградата за сол. Така го уништувате омекнувачот на вода!

При првиот пат направете го следново:

1 Отшрафете го капакот како што е прикажано.
2 Поставете ја инката што доаѓа со машината за садови во преградата за сол. Прво истурете околу 1 l вода.
3 Потоа додајте сол максимум 1,5 kg сè додека не се исполни преградата.
4 Избришете ги остатоците сол за капакот да може да се зашрафи.
5 Вклучете програма за да се осигурите дека солта во машината за садови е исплакнета.



Пополнете го индикаторот за сол повторно

Кога треба да се дотури сол, симболот горе засветува во дисплејот.

Кога солта ќе се потроши отшрафете го капакот и дополнете го резервоарот со сол. Само првиот пат е потребна вода! Избришете и прицврстете. Вклучете ја програмата за да се осигурите дека солта во машината за садови е исплакнета.

По дополнувањето може да е потребно некое време пред симболот да се исклучи.

Дополнете со средство за плакнење

Сушењето е побрзо и се постигнуваат подобри резултати доколку употребите средство за плакнење. Исто така, ќе добиете подобри резултати со миењето при што ќе добиете чисти и сјајни садови.

1 Отворете го капакот на преградата за средство за плакнење.
2 Внимателно дополнете средство за плакнење. Додајте средство за плакнење само колку што е означено **max**.
3 Избришете доколку се истурило средство за плакнење околу преградата.
4 Затворете го капакот цврсто.



Повторно наполнете го индикаторот за средство за плакнење

Кога треба да се дополни средство за плакнење, симболот горе засветува во дисплејот.

По дополнувањето може да е потребно некое време пред симболот да се исклучи.

Нагодување на дозата за средството за плакнење

Делот нагодувања опишува како да ја поставите дозата за средство за плакнење. Распоредувањето на средството за плакнење може да се одреди од 0 (Off) кон 5 (High dose). (Фабрички нагодувања: 5)

Намалување на дозата за средството за плакнење:

- Доколку садовите имаат леплив бел/син слој.
- Доколку садовите се прошарани.
- Насобирање пена. Доколку имате многу мека вода, средството за плакнење може да се раствори 50:50 со вода.

Енергетски ефикасно миење садови

- Не ја вклучувајте машината за садови сè додека целосно не се наполни за да заштедите на струја.
- Не плакнете под чешма. Едноставно избришете ги крупните остатоци од храна пред да ги ставите садовите во машината.
- Употребувајте еколошки детергент. Прочитајте ја декларацијата на пакувањето!
- Доколку садовите се само малку суви, можете да одберете програма со ниска температура.
- Ќе постигнете подобри резултати во сушење доколку ја употребите опцијата Автоматско отворање на вратата, којашто автоматски ја отвора вратата на машината за садови на крајот од програмата. (Доколку машината за садови е вградена во мебел, истиот мора да биде отпорен на кондензација).

Кршливи садови

Некои садови за готвење не се безбедни за во машина за садови. Ова може да биде од неколку причини. Некои материјали можеби не можат да издржат силна топлина, додека други се оштетуваат од детергентот.

Употребувајте претпазливо, на пример, во случај на рачно изработени предмети, кршлива декорација, кристал/стакло, сребро, бакар, калај, алуминиум, дрво и пластика. Побарајте ја ознаката за „Безбедни за машина за садови“ („Dishwasher safe“).

Корпи на машината за садови

Машината за садови е опремена со горна корпа за прибор за јадење, горна корпа и долна корпа.

Горна корпа за прибор за јадење

Горната корпа за прибор за јадење дава простор за прибор за јадење, кутлачи, маталки, прибор за сервирање и слични предмети.



Горна корпа

Ставете ги чашите, бокалите, чиниите за сервирање и чинивчињата во горната корпа. Сите валкани површини треба да бидат свртени внатрешно и кон долу! Чашите за вино се поставуваат на полицата за чаши за вино, а

ножевите се поставуваат на местото за ножеви десно (доколку има такво).





Подигање и спуштање на горната корпа

1 Извадете ја горната корпа.

2 Фатете ги страните на горната корпа со двете раце и подигнете ја.

3 Постојано подигајте ја корпата со обете раце за да ја смените нејзината позиција. (Горната корпа може да се постави во три позиции). Кога горната корпа е во највисока позиција со нејзино подигање ќе ја вратите во најниска позиција. Имајте на ум дека двете страни на корпата мора секогаш да бидат на иста висина.



Подвижни решетки

Подвижните решетки може да се движат нагоре или надолу за полесно да се стават тенџерињa, бокали и чаши. Ослободете ги подвижните решетки со притискање на резето навнатре пред да ја приспособите нивната позиција.



Долна корпа

Чиниите, чинивчињата, садовите за сервирање и тенџеринjата ставете ги во долната корпа.



Подвижни решетки

Спуштете ги подвижните решетки (држачи за чинии) кога миете тенџерињa. Ослободете ги подвижните решетки со притискање на резето навнатре пред да ја приспособите нивната позиција.

Точки што треба да се земат предвид

- Сите валкани површини треба да се насочени кон внатре или надолу!
- Не треба да се редат садовите едни врз други.
- Садовите со празнини како чашки треба да се поставуваат под агол така што ќе може да ги помине водата за плакнење. Истото е важно и за пластични предмети.
- Осигурете се дека малите предмети не можат да пропаднат низ корпата на машината за миење; поставете ги во горниот држач за прибор за јадење.

ЗАБЕЛЕШКА!
Проверете дали прскалката ротира слободно.

Додајте детергент

1 Преграда за детергент за претмиење

2 Преграда за детергент за главно миење

Детергентот се додава според тврдоста на водата.

Следете ги инструкциите на пакувањето од детергентот. Оваа машина за садови е опремена со омекнувач на вода, така што треба да се употребуваат дози на детергент и средство за плакнење што одговараат за мека вода.

Премногу детергент може да резултира со помалку ефективно миење и да има поголема штета по животната средина.

Преградата за детергентот мора да е сува кога се додава детергент. Има една преграда за претмиење и за главно миење. Доколку употребувате детергент за машина за садови во форма на прашок или течност, додајте малку и во преградата за претмиење. Стапете во контакт со производителот на детергентот доколку имате прашања за него.

ЗАБЕЛЕШКА!
Употребувајте само детергент за машина за садови! Не смее да се употребува сјај бидејќи пената што ќе се направи спречува машината за садови да работи ефективно.

Таблети за машина за садови

Ставете половина таблета доколку не можете да го затворите капакот на диспанзерот. Постои ризик детергентот да се повлече соодветно доколку капакот е премногу стегнат, и тој нема да се отвори правилно.

ЗАБЕЛЕШКА!
Таблетите за машина за садови не се препорачуваат за кратки програми (пократки од 75 минути). Наместо тоа употребувајте детергент за машина за садови во форма на прашок или течност.

(3-во-1/Се-во-едно детергент)

Поглавје нагодувања опишува како да се активира TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент). Имајте на ум дека солта мора да се стави во преграда за сол. Доколку не сте задоволни со резултатите од миењето садови или сушењето, деактивирајте ги нагодувањата TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент) и ставете сол, детергент и средство за плакнење. Види поглавје Пред да миете садови за првпат.

Внимателно прочитајте ги упатствата за овие производи. Доколку нешто не ви е јасно, стапете во контакт со производителот на детергентот.

⏻ Главен прекинувач

Притиснете и држете го главното копче за вклучување на машината сè додека не се вклучи приказот. Исто така, проверете дали тече вода од чешмата.

PROGRAMS - Одберете програма

Одберете програма што ќе одговара на типот на садовите и на тоа колку се валкани.

Притиснете ја посакуваната програма сè додека симболот за програмата не се активира.

auto
45-65° Автоматско миење

Машината за садови може да процени колку се валкани садовите и да ја приспособи потрошувачката на водата, како и температурата. Кога за првпат е монтирана, програмата треба да биде вклучена петпати пред целосно да се приспособи и да дава најдобри резултати.

auto
45-65° Автоматско миење [1] **+ ⏲ Брзо миење + Автоматско отворање на вратата**

Ефективна програма за секојдневна употреба за малку засушени остатоци. (Оваа програма не е наменета за загорена храна, како во случајот на тави за рерна).

70° Миење на многу нечисти садови

Програма за многу валкани садови, како што се тавчиња, тенџериња и тави за рерна. Доколку садовите не ја исполнат целосно машината за садови, можете да додадете уште садови и слично.

eco
55° Економично миење

Оваа програма е наменета за миење на нормално извалкани садови и е најефективната програма во поглед на комбинирана потрошувачка на струја и вода.

1) *Оваа комбинација (Автоматско миење + Брзо миење + Автоматско отворање на вратата) е позната и како QuickIntensive (90 минути).*

35° Кратко миење

Оваа програма се употребува за малку извалкани чаши и порцелан, како што се шолји за кафе.

Во комбинација со Брзо миење се добива пократка програма (15 минути).

***° Плакнење**

Се употребува за плакнење на садови додека чекате машината за садови целосно да се наполни.

EXTRA - Одбирање можности

За да одберете опција, притиснете на едно од копчињата за опции сè додека опцијата не се активира. Достапните опции вариираат во зависност од програмите при што некои опции не може да се комбинираат (достапните опции светат слабо).

Брзо миење

Оваа опција го скратува времето на програмата, но употребува повеќе струја и вода.

Автоматско отворање на вратата

Вратата на машината за садови се отвора автоматски на крајот од програмата, со што се подобруваат резултатите. (Доколку машината за садови е вградена во просторијата и нејзиното опкружување, мора да биде отпорна на кондензација).

ЗАБЕЛЕШКА!
Вратата на машината за садови не смее да биде блокирана кога треба да се отвори автоматски. Така може да се расипе функцијата на заклучување на вратата.

Екстра хигиена

Оваа можност е наменета за ситуации каде што потребата за хигиена е особено висока, како во случај на миење бебешки шишенца и даски за сецкање. Температурата се зголемува при главното миење и последното плакнење.

Одложен старт

Кога одбирате Одложен старт машината за садови ќе започне 1-24 часа откако ќе ја затворите вратата.

1 Притиснете го копчето еднаш за да активирате Одложен старт. Притиснете го копчето неколку пати – или држете го – за да го одредите посакуваниот број часови.

2 Затворете ја вратата и машината за садови ќе почне да ги брои часовите (час по час) сè додека не одмине внесеното одложено време.

Доколку сакате да ја откажете опцијата Одложен старт, отворете ја вратата, притиснете и држете го главниот прекинувач сè додека дисплејот не се исклучи.

Стартувајте ја машината за садови

Затворете ја вратата за да ја стартувате машината за садови. Доколку главниот прекинувач е притиснат, машината ќе почне автоматски кога вратата ќе биде затворена.

TIME - Преостанато време

Штом ќе ја одберете програмата и опциите, потребното време за програмата од последниот пат се појавува на дисплејот.

Стопирање или менување програма

Доколку сакате да ја смените програмата откако сте ја стартувале машината за садови, отворете ја вратата, притиснете и држете го главниот прекинувач сè додека не се исклучи дисплејот. Додајте детергент доколку се отворил капакот на диспанзерот за детергент. Потоа, притиснете го главниот прекинувач, одберете нова програма и затворете ја вратата.

Дали сакате да додадете повеќе садови?

Отворете ја вратата. Машината за садови ќе запре автоматски. Додајте садови и затворете ја вратата. По некое време машината ќе продолжи со програмата.

Доколку е исклучена машината поради немање струја

Доколку програмата за миење садови не завршила, таа продолжува онаму каде што прекинала кога ќе се врати струјата.

ЗАБЕЛЕШКА!
За време на сушењето, програмата се прекинува доколку струјата е прекината или вратата е отворена повеќе од 2 минути.

Како да ги добиете најдобрите можни резултати од сушење

- Целосно наполнете ја машината за садови.
- Садовите со празнини како чашки треба да се поставуваат под агол така што ќе може да ги помине водата за плакнење. Истото е важно и за пластични предмети.
- Дополнете средство за плакнење или зголемете ја неговата доза.
- Активирајте ја опцијата Автоматско отворање на вратата.
- Дозволете садовите да се изладат пред да ги извадите од машината за садови.

Штом ќе заврши програмата

Крајот на програмата е означен со еден краток сигнал од звоното. Поглавјето нагодувања опишува како се менува оваа функција.

Машината за садови се исклучува автоматски откако ќе заврши програмата. По секоја употреба треба да се исклучува чешмата.

Празнење на машината за садови

Врелиот порцелан е повеќе кршлив. Оставете ги садовите да се изладат во машината за садови пред да ги извадите.

Прво извадете ја долната корпа за да ги избегнете капките вода што капат од горната корпа врз садовите од долната.

Специјални програми

Притиснете и држете ги соодветните копчиња за опции за да ја активирате специјалната програма. Програмата започнува кога вратичката ќе се затвори.

Програма за самочистење (CLn)
Програма за самочистење за хигиенско чистење на кадата на машината за садови, прскалките и цевките за прскање.

Оваа програма може да работи (без садови во машината) со нормален детергент за садови или лимонска киселина. Исто така, на пазарот се достапни и специјални средства за чистење. За отстранување на бигор видете Када на машината за миење садови во поглавјето Грижа и чистење.

Табела со програми

PROGRAMS - Програма	Детергент, преграда 1 / 2 (ml)	EXTRA - Можности	Претмиења	Главно миење	Број на плакнења	Последно плакнење	Вредности на потрошувачка [1]		
							Време за миење садови (приближно час:мин)	Струја (приближно kWh)	Потрошувачка на вода (L)
Автоматско миење	--- / 25	Автоматско отворање на вратата	1-3	50-65 °C	2-3	65 °C	2:10-2:50	0,9-1,5	11-20
Миење на многу нечисти садови	10 / 25		2	70 °C	2	70 °C	2:55	1,7	17
Економично миење [2]	--- / 25	Автоматско отворање на вратата	1	55 °C	2	49 °C	3:00	0,86	9,5
Кратко миење	--- / 10			35 °C	1	25 °C	0:20	0,2	10
Плакнење	--- / ---				1	--- °C	0:07	0,01	3

1) *Вредностите на потрошувачка варираат во зависност од температурата на водата што надоаѓа, бројот на садови, одбраните дополнителни функции и повеќе.*

2) *Оваа програма за миење садови е стандарден циклус за миење што се употребува за да се постигнат информациите на ознаката за струја. Наменета е за миење на нормално валкани садови и е најефективната програма во контекст на комбинирана потрошувачка на струја и вода.*

Отворете го менито со нагодувања:

auto
45-65° +

1. Прво, отворете ја вратата. Исклучете ја машината. Притиснете и држете го главниот прекинувач сè додека не засвети дисплејот.
2. Во рок од 10 секунди:
   - притиснете го копчето за програма за Автоматско миење и копчето за опција за Брзо миење.
3. Дисплејот го прикажува менито со нагодувања (моменталното нагодување и моментално поставената вредност).
   (Излезете од менито со пребарување низ него или со притискање на главниот прекинувач).

Навигирајте низ менито со нагодувања:

Сега можете да ги приспособите следните нагодувања:

нагодувања		Опции	
1.	**Средство за плакнење**	1:00 - 1:05	Нагодување за доза на средство за плакнење. Зголемување на дозата за средството за плакнење: • Доколку садовите имаат дамки од вода. Намалување на дозата за средството за плакнење: • Доколку садовите имаат леплив бел/син слој. • Доколку садовите се прошарани. • Насобирање пена. Доколку имате многу мека вода, средството за плакнење може да се раствори 50:50 со вода.
2.	**Тврдост на вода**	2:00 - 2:09	Приспособување на омекнувач на вода. Прочитајте го соодветното нагодување од табелата долу за тврдост на вода. °dH °fH → 2:00: 0-5 / 0-9 2:01: 6-8 / 10-14 2:02: 9-11 / 15-20 2:03: 12-14 / 21-25 2:04: 15-19 / 26-34 2:05: 20-24 / 35-43 2:06: 25-29 / 44-52 2:07: 30-39 / 53-70 2:08: 40-49 / 71-88 2:09: 50+ / 89+ Не заборавајте да ставите сол во преградата за сол откако сте го поставиле омекнувачот на вода на 2:01 - 2:09. *За довод на вода со тврдост на вода под 6°dH (9°fH), одберете 2:00. Омекнувачот на вода е деактивиран и не е потребна сол.*

нагодувања		Опции	
3.	**TAB** (3-во-1/Се-во-едно детергент)	3:00 (Off) 3:01 (On)	Ова нагодување може да го искористите кога употребувате 3-во-1/Се-во-едно детергент. Програмите за миење садови автоматски се адаптираат за да се добијат најдобрите можни резултати од миење и сушење во секое време. Доколку ова нагодување е активирано овде, не постои потреба да додадете средство за плакнење бидејќи опцијата го оневозможува диспензирањето на средство за плакнење. Исто така, ја намалува количината сол додадена во омекнувачот на вода. Имајте на ум дека мора да се стави сол во преградата за сол. ЗАБЕЛЕШКА! За да постигнете добри резултати од миењето садови, важно е да се провери кој тип на детергент или сè-во-едно производ најдобро одговара на вашите потреби! Внимателно прочитајте ги информациите на пакувањето на детергентот околу правилната употреба. Секогаш следете ги упатствата за употреба или информациите на пакувањето од детергентот!
4.	**Јачина на звучен сигнал**	4:00 - 4:03	Машината за садови употребува звучен сигнал за да означи дека програмата завршила или дека се појавила грешка.

Крупен филтер

Крупниот филтер ги собира големите парченца храна, коишто не можат да поминат низ пумпата за исфрлање вода. Исчистете го крупниот филтер доколку е потребно.



1 Подигнете го крупниот филтер со рачката.

2 Испразнете го крупниот филтер. Не заборавајте да го испразните!

Ситен филтер

Остатоците што се собираат на финиот филтер автоматски се плакнат за време на секое миење. Чистете го филтерот кога е потребно.



1 Свртете ја рачката во спротивна насока од стрелките на часовникот

2 Подигнете го филтерот нагоре со рачката. Ослободете го крупниот филтер за да го исчистите ситниот филтер.

3 Заменете ги во обратен редослед. Проверете дали рабовите се правилно запечатени кога го заменувате ситниот филтер.

4 Фиксирајте го филтерот на место со вртење на рачката во насока на стрелките од часовникот за да ја фиксирате позицијата. Рачката треба да излегува директно од машината за садови.

ЗАБЕЛЕШКА!
Не смее да се употребува машината за садови без филтри! Резултатите од миењето може да бидат слаби доколку крупниот филтер е неправилно поставен.

Прскалка

Дупчињата и лежиштата некогаш може да се блокираат. Отстранете ги остатоците со помош на игла или слично. Прскалката има дупчиња и одоздола.



За да го олесните чистењето може да ја отстраните прскалката. Не заборавајте да ја вратите правилно на нејзиното место.

Долна прскалка

- Повлечете ја надолу долната прскалка за да ја ослободите.



Горна прскалка

1 Извадете ја горната корпа.

2 Отшрафете го лежиштето на прскалката во спротивна насока на стрелките на часовникот за да ја отстраните прскалката од горната корпа.



Вратичката и гумата на вратичката

Редовно чистете ги страните на вратичката и на гумата. Употребувајте само малку влажна крпа (со малку средство за чистење доколку е потребно).

Када на машината за миење садови

Кадата е направена од нерѓосувачки челик и се чисти со самото употребување.

Наслаги на бигор

Доколку имате тврда вода, бигорот може да се насобере во машината. Доколку се случи тоа, пуштете ја програмата за самочистење со две супени лажици лимонска киселина во преградата за детергент (кога нема садови во неа). Видете во поглавјето Програма за самочистење Употреба на машината за садови.

Преден панел

Копчињата треба да бидат чисти и без маснотии. Исчистете ги со сува или малку влажна крпа. Никогаш не употребувајте средства за чистење – може да ја изгребат површината. Употребувајте го главниот прекинувач за да ја исклучите машината за садови пред да ги исчистите копчињата за да одбегнете ненамерно активирање.

Одблокирање на одводната пумпа

Доколку машината за садови и натаму содржи вода откако програмата завршила, тоа значи дека нешто ја блокира одводната пумпа. Таквите предмети лесно се отстрануваат.

1 Исклучете ја машината со главното копче и исклучете ја од штекер.

2 Отстранете ги крупниот и ситниот филтер.

3 Извадете ја водата од кадата за миење садови.

4 За да ја проверите пумпата за исфрлање вода, отстранете ја стопката во боја на десната страна од дното на одводот.

5 Рачно вртете го тркалото на пумпата лоцирано позади одводната пумпа. Внимателно отстранувајте ги предметите.

6 Заменете ја стопката за пумпата за исфрлање вода заедно со ситниот и крупниот филтер.

7 Повторно вклучете ја машината во струја.

Доколку машината за садови не сака да се вклучи и се слуша брмчење, тоа значи дека е активирана заштитата за претекување.

- Исклучете ја водата.
- Отстранете го кабелот од штекер.
- Повикајте го одделот за сервисирање.



ЗАБЕЛЕШКА!

Не заборавајте да ја замените стопката на пумпата за исфрлање вода.

Одблокирање на филтерот на доводното црево

Доколку доводната вода содржи мали честички, надворешниот филтер на доводното црево се блокира што резултира со Грешка на доводниот приклучок за вода.

1 Исклучете ја машината со главното копче и исклучете ја од штекер.

2 Исклучете ја водата од чешма.

3 Отшрафете го доводното црево.

4 Внимателно отстранете го надворешниот филтер од доводното црево и исчистете го.

5 Заменете го филтерот и проверете дали е правилно позиционирaн дихтунгот.

6 Зашрафете го доводното црево цврсто на неговото место.

7 Вклучете ја машината во штекер и пуштете ја водата од чешма. Дозволете притисокот да се стабилизира некое време и проверете дали поврзувањето е цврсто.



Тип на грешка на дисплејот		Дејство
F10	Преполнување	Исчистете ја пумпата за исфрлање вода. Види го делот Грижа и чистење. Доколку проблемот сè уште се јавува, повикајте го одделот за сервисирање.
F11	Грешка на одводниот приклучок за вода	Види „Вода останува во машината за садови“ во табелата „Проблем“ долу. Доколку проблемот сè уште се јавува, повикајте го одделот за сервисирање.
F12	Грешка на доводниот приклучок за вода	Проверете дали тече водата од чешма. Доколку проблемот сè уште се јавува, повикајте го одделот за сервисирање.
F40	Истекување на доводниот вентил	Исклучете ја чешмата и повикајте го одделот за сервисирање.
F52	Грешка во нивото на вода	Повикајте го одделот за сервисирање.
F54	Преполнување	Исклучете ја чешмата и повикајте го одделот за сервисирање.
F56	Грешка во циркулацијата на вода	Повикајте го одделот за сервисирање.

Притиснете кое било копче за да се избрише пораката за грешка.

Проблем	Можни причини	Дејство
Копчето не реагира кога е притиснато.	Прерано ги притиснавте копчињата откако се отвори вратата.	Почекајте момент и обидете се повторно.
	Копчињата се валкани.	Исчистете ги со сува или малку влажна крпа.
	Вратата е затворена.	Отворете ја вратата. Копчињата реагираат само кога вратата е отворена.
Вратата не може да се затвори.	Корпите не се правилно поставени.	Проверете дали корпите се правилно поставени во хоризонтална положба.
		Проверете дали садовите не ги блокираат корпите од правилно пролизгување во нивната позиција.
	Механизмот за заклучување на вратата не испушта звук дека се заклучува.	Проверете ја бравата. Ако не испушта звук дека се заклучува, отворете ја вратата. Притиснете и држете го копчето за опцијата Автоматско отворање на вратата во траење од 15 секунди. Потоа почекајте 30 секунди. Затворете ја вратата. Проверете дали вратата се заклучува со тоа што ќе слушнете дали механизмот испушта звук.

Проблем	Можни причини	Дејство
Машината за садови не почнува да работи.	Вратата не е затворена правилно.	Проверете.
	Сте ја отвориле вратата од машината за садови за да додадете повеќе садови додека тече програма.	Затворете ја вратата и почекајте. По некое време машината ќе продолжи со програмата.
	Механизмот за заклучување на вратата не испуштил звук дека се заклучил.	Проверете ја бравата. Ако не испуштила звук дека се заклучува, отворете ја вратата. Притиснете и држете го копчето за опцијата Автоматско отворање на вратата во траење од 15 секунди. Потоа почекајте 30 секунди. Затворете ја вратата. Проверете дали вратата се заклучува со тоа што ќе слушнете дали механизмот испушта звук.
	Активиран е осигурувач/автоматскиот прекинувач.	Проверете.
	Кабелот не е вклучен во штекер.	Проверете.
	Чешмата е исклучена.	Проверете.
	Претекување/протекување.	Проверете.
	Се слуша брмчење (пумпа за исфрлање вода) од машината за садови и не стопира кога е исклучен главниот прекинувач.	Исклучете ја чешмата. Исклучете го кабелот и повикајте го одделот за сервисирање.
	Проверете дали опцијата Одложен старт не е одбрана.	Притиснете и држете го главниот прекинувач сè додека дисплејот не се исклучи во случај кога сакате да ја откажете опцијата Одложен старт. Престартувајте ја машината за садови.
Садовите не се чисти.	Прскалката не ротира.	Отстранете ја и исчистете ја.
		Проверете дали садовите не ја блокираат прскалката.
	Стар детергент. Детергентот има рок на траење.	Избегнувајте големи пакувања.
	Неправилни дози на детергент.	Доза според тврдост на вода. Премногу или премалку детергент резултира со послабо миење садови.
	Несоодветна програма за миење садови.	Изберете подолга програма.
	Садовите се поставени неправилно.	Не го покривајте порцеланот со големи садови или слично. Одбегнете да стават високи чаши во ќошевите на корпите.
	Чашите и шолјите треба да бидат свртени наопаку за време на програмата.	Фиксирајте ги садовите да бидат стабилни.
	Филтерот не е правилно ставен.	Зашрафете го филтерот цврсто. Види дел Грижа и чистење.

Проблем	Можни причини	Дејство
Дамки на нерѓосувачки челик или сребро.	Одредена храна, како сенф, мајонез, лимон, оцет, сол и сосеви може да остават дамки на нерѓосувачкиот челик доколку киснат предолго.	Веднаш исплакнете ја таквата храна доколку планирате веднаш да ја вклучите машината за садови. Можете да ја употребите програмата Плакнење.
	Нерѓосувачкиот челик може да предизвика дамки на среброто ако дојдат во контакт за време на миењето садови. Алуминиумот исто така може да предизвика дамки на садови.	За да избегнете флекии потемнување раздвојте ги садовите од различни метали, како што е сребро, нерѓосувачки челик и алуминиум.
Дамки или слоеви на садовите.	Сол протекува од омекнувачот на вода.	Проверете дали капакот на преградата за сол е правилно прицврстен. Во спротивно повикајте го одделот за сервисирање.
	Неправилно нагодување на омекнувачот на вода.	Види дел нагодувања.
	Неправилно нагодување за доза на средство за плакнење.	Види дел нагодувања.
	Преградата за сол е празна.	Дотурете сол. Види дел Пред да миете садови за првпат.
	Се употребува 3-во-1/Се-во-едно детергент и се активира нагодувањето TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент).	Деактивирајте го нагодувањето TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент) и дотурете сол и средство за плакнење.
	Превисока температура и/или премногу детергент може да предизвика линии врз кристалот. За жал, ова не може да се коригира, само може да се спречи.	Мијте го кристалот на ниска температура и со конзервативна количина детергент. Стапете во контакт со производителот на детергентот.
Садовите имаат леплив бел/син слој.	Преголемо нагодување на дозата на средство за плакнење.	Намалете ја количината. Види делови Пред да миете садови за првпат и нагодувања. Ако имате многу мека вода, може да го растворите средството за плакнење 50:50 со вода.
Останале точки по миењето.	Тешко се мијат кармин и чај.	Употребувајте детергент со агенс за белење.
Остатоци од детергент во преградата за детергент по миењето.	Преградата за детергент е влажна кога се става детергент.	Преградата за детергент мора да е сува кога се става детергент.
Свечкање додека се мијат садовите.	Садовите не се правилно поставени или прскалката не ротира.	Проверете дали садовите се поставени безбедно. Свртете ја прскалката за да се осигурите дека може да ротира.

Проблем	Можни причини	Дејство
Вода останува во машината за садови.	Филтрите се блокирани.	Исчистете ги крупните и ситни филтри.
	Остатоци во пумпата за исфрлање вода.	Исчистете ја пумпата за исфрлање вода. Види го делот Грижа и чистење.
	Цревото за цедење е превиткано.	Проверете дали цревото е превиткано и дали е поставено на остри рабови.
	Блокирано црево за цедење.	Исклучете го одводното црево онаму каде што се поврзува со одводот на лавабото. Проверете дали има остатоци и дали поврзувањето има внатрешен дијаметар од барем 14 mm.
Лоша миризба во машината за садови.	Валканици околу запечатувањата и во ќошевите.	Исчистете со четка и средство за чистење што не прави многу пена.
	Одбрани се програми за ниска температура веќе подолго време.	Вклучувајте програма со повисока температура барем еднаш месечно.
Садовите не се доволно суви.	Опцијата Автоматско отворање на вратата не е активирана.	Активирајте ја опцијата Автоматско отворање на вратата.
	Машината за садови не е целосно исполнета.	Целосно наполнете ја машината за садови.
	Треба да дотурите од средството за плакнење или, пак, дозата е премала.	Дополнете средство за плакнење или зголемете ја неговата доза. Види делови Пред да миете садови за првпат и нагодувања.
	Се употребува 3-во-1/Се-во-едно детергент и се активира нагодувањето TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент).	Деактивирајте го нагодувањето TAB (3-во-1/Се-во-едно детергент) и дотурете сол и средство за плакнење.



Номинални димензии. Актуелните мерки може да варираат.

Безбедносни упатства

- Поврзувањето со струја, вода или одвод мора да го изведе квалификуван професионалец.
- Секогаш следете ги применливите регулативи за вода, одвод или струја.
- Внимавајте при монтирањето! Носете заштитни ракавици! Секогаш мора да бидат присутни двајца!
- Поставете послужавник за собирање на капки на подот под машината за садови за да спречите оштетувања поради истекување вода.
- Пред да ја фиксирате машината за садови на едно место, тестирајте ја со вклучување на програмата Плакнење. Проверете дали машината се полни со вода и дали истата истекува. Проверете и дека вода не протекува кај ниту едно од поврзувањата.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Исклучете го доводот на вода кога ја монтирате машината за садови!

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Кабелот мора да биде исклучен од штекер додека се изведуваат работи на машината!

Заштита за вратата при транспорт

Не заборавајте да ја отстраните заштитата за транспорт за вратата кога ја отпакувате машината за садови.



Поставување на машината за садови

Машината за садови е наменета за монтирање под работна површина. Осигурете се дека рабовите на дупките се рамни за да се спречи оштетување на одводното и доводното црево и на кабелот за напојување.



Прицврстување на заштитна фолија

Прикачете го заштитниот слој (спакуван во вреќичката со документи) на долната страна од работната површина. Заштитниот слој ја заштитува работната површина од влага.

ЗАБЕЛЕШКА!
Површината на која е фиксиран заштитниот слој мора да биде исчистена и сува.



Приспособете ја висината и поместете ја машината за садови на место

1 Почнете со мерење на висината од подот до работ на дното од работната површина.

2 Мерете ја висината од подот до најгорниот раб на машината за садови.

3 Приспособете ги ногарките на машината за садови со нивно вртење во насока на стрелките од часовникот за да ја подигнете машината, и обратно за да ја спуштите.



4 Проверете дали има воздушен простор помеѓу долниот дел од работната површина и горниот раб на машината за садови од барем 3 mm.

5 Поставете ја машината за садови на своето место.

- Повлечете ги одводните и доводните црева кога ја поттурнувате машината на своето место.
- Проверете дали цревата се нагмечени или поставени на остри рабови и проверете дали има нешто што може да ги оштети цревата.



- Проверете дали машината е монтирана на начин на којшто лесно ќе се отвора вратичката, инаку нејзината брава нема да работи.

6 Направете конечни приспособувања на предните ногарки (машината за садови не смее да се навалува повеќе од 5 mm).

Поврзување за одвод

Оваа машина за садови одговара за монтирање на подигната површина (за да се добие ергономска работна висина). Ова значи дека машината за садови може да се постави така што цревото за цедење води кон пониско ниво отколку дното на машината, така што ќе биде директно поврзано со одвод на подот. Машината за садови е опремена со интегриран анти сифон којшто спречува таа да се празни со вода за време на циклусот на миење.









Цревото за цедење може да биде поврзано со поврзувачка нипла на одводот на лавабото. Поврзувачката нипла мора да има внатрешен дијаметар од барем 14 mm.

Цревото за цедење може да биде продолжено за максимум 3 m (вкупната должина на цревото за цедење не смее да биде надмината 4,5 m). Какви било зглобови и поврзувачки цевки мора да имаат внатрешен дијаметар од барем 14 mm. Сепак, цревото за цедење треба да биде заменето со ново црево без зглобови во идеален случај.

Ниту еден дел од цревото за цедење не треба да биде под дното на машината за садови при 950 mm.

Осигурете се дека цревото за цедење не е превиткано.

Поврзување со доводот на вода

Употребувајте го само доводното црево што сте го добиле со машината за садови. Немојте повторно да употребувате стари или други резервни доводни црева.

Доводната цевка мора да биде приклучена со чешма (вентил). Чешмата мора да биде лесно достапна за да може да се исклучува водата доколку машината за садови треба да се премести.

Штом ќе се намонтира, вклучете ја чешмата и дозволете да се приспособи притисокот некое време. Проверете дали сите поврзувања се цврсти.

Поврзување со доводот на ладна вода

Поврзете ја машината за садови со довод на ладна вода доколку зградата употребува греење на нафта, струја или гас.

Поврзување со доводот на топла вода

Поврзете ја машината за садови со довод на топла вода (макс. 70 °C) доколку зградата употребува енергетски-ефикасни начини за греење како централно греење, соларна енергија или геотермално греење. Со тоа што ќе ја поврзете со топла вода го намалувате времето на миење садови и ја намалувате потрошувачката на струја.

ЗАБЕЛЕШКА!
Не ја надминувајте дозволената температура на доводна вода. Одредени материјали кај приборот за јадење не издржуваат силна топлина. Видете Кршливи садови во поглавјето Полнење на машината за садови.

Електричен приклучок

Информации околу електричниот приклучок може да најдете на табличката со сериски број. Оваа спецификација мора да се совпаѓа со електричниот приклучок.

Машината за садови мора да биде поврзана со заземјен штекер.

Штекерот мора да биде поставен надвор од местото на монтажа за да може лесно да биде достапен по монтирањето на машината за садови. Не употребувајте продолжни кабли!

ЗАБЕЛЕШКА!
Поправките и одржувањето во однос на безбедноста или добрата работа мора да ги изведува квалификуван професионалец.

Прицврстување на машината за садови на своето место



По прицврстувањето на машината проверете дали предните ногарки се уште го допираат подот.

Монтажа на звучна изолација



Сервисирање

Прочитајте го поглавјето Барање грешка пред да стапите во контакт со одделот за сервисирање. Ако наидете на проблем којшто не можете да го решите, ве молиме стапете во контакт со најблискиот дилер, видете www.gorenje.com.

Кога стапувате во контакт дајте ги деталите на табличката со сериски број. Вклучувајки го бројот на артикл (1) и серискиот број (2).



Информации за институтот што врши тестирање

Информации за институтот којшто го извршил тестирањето може да побарате преку е-пошта dishwashers@appliance-development.com.

Барањето треба да ги содржи деталите на табличката со сериски број. Вклучувајки го бројот на артикл (1) и серискиот број (2).



Ваши забелешки

Информации за ознаките за струја

Информациски лист, во согласност со Комисијата за делегација на регулативи (ЕЗ) бр. 1059/2010

Gorenje

Ознака на модел:	GV60ORA
Број на стандардни нагодувања:	16 [1]
Класа на енергетска ефикасност:	A+++
Годишна потрошувачка на струја(AE_C):	245 kWh годишно [2]
Енергетска потрошувачка при циклус на стандардно миење(E_t):	0,86 kWh
Потрошувачка на струја	
Режим на исклучено (P_o):	0,49 W
Режим на вклученост (P_l):	0,49 W
Годишна потрошувачка на вода (AW_C):	2660 литри годишно [3]
Класа на ефикасност на сушење:	A [4]
Стандардна програма:	Економично миење [5] , опција Автоматско отворање на вратата
Времетраење на програма при стандарден циклус на миење:	180 минути
Времетраење на режимот на вклученост (T_l):	Бесконечно
Бучава:	45 dB(A) re 1 pW
Конструкција:	Интегриран производ

1) *Во согласност со стандардот EN 50242.*

2) *Базирано на 280 стандардни циклуси на миење со приклучок за ладна вода и потрошувачка во согласност со режимот на заштеда на струја. Актуелната потрошувачка на струја зависи од тоа колку се употребува машината.*

3) *Базирано на 280 стандардни циклуси на миење. Актуелната потрошувачка на вода зависи од тоа како се употребува машината.*

4) *На скала од G (најмалку ефикасно) до A (најефикасно).*

5) *Оваа програма за миење садови е стандарден циклус за миење што се употребува за да се постигнат информациите на ознаката за струја. Наменета е за миење на нормално валкани садови и е најефективната програма во контекст на комбинирана потрошувачка на струја и вода.*

Технички податоци

Висина:	817-867 mm
Ширина:	596 mm
Длабочина:	577 mm
Тежина:	35 kg [1]
Притисок на вода:	0.03–1.0 MPa
Електричен приклучок:	Види табличка со сериски број
Измерена моќност:	Види табличка со сериски број

1) *Тежината може да варира поради различните спецификации.*

611471 mk (12-18)

Арт. бр.: 611471. Рев. 03. Ги задржуваме правата да правиме измени.